# QBE INSURANCE GROUP LIMITED
# QBE ОСИГУРИТЕЛНА ГРУПА

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ЈАВНОСТ

## QBE ОБЈАВУВА СИЛЕН РЕЗУЛТАТ ЗА ДЕЛОВНАТА 2008

КЈУБИ Осигурителната група (QBE Insurance Group) денес објави силен финансиски резултат за 2008 година заклучно со 31 декември со нето профит по одданочување од $1,859 милиони, повраток на капитал од 20.9% и одличен резултат кај преземање на ризик. Нето профитот беше 3.5% понизок од рекордниот профит од минатата година но значително добар со оглед на глобалната финансиска криза, зголементата фреквентност на големите поединечни ризици и катастрофални штети за осигурителниот бизнис и значително пониските приходи на многу наши конкуренти во 2008.

Нето профитот опфаќа пет значајни точки во врска со финансиската криза:

- нето реализираните и нереализираните капитални загуби од $554 милиони пред оданочување, споредено со добивката од $100 милиони од минатата година.
- добивка од странски валути од $409 милиони пред оданочување, воглавно од договори за термински валути склучени во период на купување na PMI;
- профит од $303 милиони пред оданочување од откуп на дел од нашиот долг на попуст;
- провизии од конзервативни штети од $200 милиони пред оданочување за пријавени и потеенцијални штети од финансиски и кредитни полиси изложени на кризата; и
- помали каматни стапки кои го намалија приходот од инвестиции за приближно $200 милиони пред оданочување на нашиот портфел од $27 милијарди за кеш и фиксна камата.

Приходот од бруто полисираната премија беше покачен за 6% $13,142 милиони и нето заработената премија беше покачена за 9% на $11,087 милиони. Комбинираниот сооднос на работењето на QBE (на пример однос на штети, провизии и трошоци во однос на нето заработена премија) изнесуваше одлични 88.5% споредено со 85.9% од минатата година. Маргината на осигурителниот профит во однос на нето заработена премија исто така изнесуваше задоволителни 19,7% во споредба со рекордно високиот 22.2% од минатата година.Намалената маргина на осигурителниот профит се должеше на покачувањето на големите поединечни ризици и катастрофални штети во текот на годината и помала добивка од каматите за инвестиции за издвоени за исполнување на нашите обврски кај осигурениците.
Земајќи го в предвид силниот резултат, Бордот на QBE ја одржа конечната дивиденда на 65 центи по акција, со што годинашната дивиденда изнесува 126 центи (мината година 122 центи). Конечната дивиденда ќе се исплати на новите акции кои ќе се емитуваат на акционерите во декември 2008 и во јануари оваа година. Вкупната исплата за дивиденда за годината покачена за 11% на $1,187 милиони во споредба со 2007. Планот за реинвестирање на дивиденда е повторно воведен со 2,5% попуст. Планот за бонус акции (поранешен План за доделување на дивиденда) ќе остане во употреба и попустот од 2,5% ќе важи.

Г-дин. Франк О‘ Халоран, главниот извршен директор на QBE Group изјави:
“Нашиот резултат е крајно задоволувачки со оглед на финансиската криза и зголемената зачестеност на големи на поединечни ризици и катастрофални штети. Значително голем број од нашите производи продожува со остварување на осигурриттелниот профит во 45-те земји во кои ние работиме.”

Тој исто така додаде:”Нашата стратегија за краткотрајни мали ризици за готовина во вредност од 27 милијарди долари долари и портфолиото на фиксни камати до денес ни овозможи да добиеме корист од поширокиот пласман на кредити за реинвестирање и да го избегнеме ослабувањето на било која гаранција.”

Г-дин. Франк О‘ Халоран понатаму рече: “QBE оствари единаесет добивки по акција од купопродажбите што беа во пораст во 2008 година за почетниот трошок од 2.7 милијарди долари. Со ова се намали дел од нашиот вишок на капитал, кој остана стабилен за околу 1.7 пати или 3.3 милијарди долари над нашата калкулација според ригорозните барања за минимален капитал заснован на ризик од австралиското реглуаторно тело во висина од 4.6 милијарди долари. Купопродажбите и нашиот задоволителен капитал, заедно со постојаната успешност на нашите производи и компании ширум светот, како и нашиот позитивен став за зголемување на премијата, премиските стапки и осигурителната профитабилност во 2009 година ни даваат за право да се чувствуваме спремни за понатамошни предизвици.”

За понатамошни информации, обратете се на телефонскиот број: +61 2 9375 4226 или на е-меил mailto:investor.relations@qbe.com.

26 февруари 2009